НАСТАВА:

Задолжителна настава:

Учениците се здобиваат со основни знаења и вештини од сите наставни предмети што се предвидени за секое одделение, а се составен дел на Наставниот план.

Изборна настава:

Оваа настава се организира како избор на учениците и родителите со цел да се задоволат потребите и интересите на учениците. Оваа учебна година се воведуваат следните изборни предмети:

IV одд - *Творештво*
V одд - *Творештво*
VI одд - *Запознавање на религии*
VII одд - *Воспитание за околината*
VIII одд - *Унапредување на здравјето*
IX одд - *Вештини на живеење*

**Органи на раководење**-Директот;
**Органи на уравување**-Училишен одбор ;
**Стручни органи и тела:**

- Одделенски раководител;
- Стручни активи;
- Одделенски совет;
- Наставнички совет.

**Организираност на учениците -** одделенски заедници ;
**Организираност на родителите -** Совет на родители.



**Важно за родителите!**
Покрај можноста за индивидуални групни и родителски средби со одделенските раководители, за родителите се организира и приемен ден кога имаат можност да разговараат со сите наставници. Оваа учебна година приемниот ден ротира:
Септември - Понеделник
Октомври - Вторник
Ноември - Среда.....
од **14:30** до **15:30** часот.

Наставата отпочнува во 08:00 часот и се одвива во една смена во сите училишта.

**Изготвил: Училишен педагог / наставник по информатика**

**ООУ,,Климент Охридски.,**
**ул. "Гоце Делчев" бр. 36**
**Миравци**
**Тел/факс.034 -229-017**

**e-mail**:
***oumiravciepiskop@yahoo.com***

ООУ"КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"
Миравци

# ИНФОРМАТОР



Посветено на 90-годишнината од изградбата на првото училиште во Миравци

**Учебна 2015/16 година**

# Права и обврски на учениците

**Ученикот треба :**

- Постојано да се ангажира за постигнување на резултати во наставата и наставните активности, да е коректен, одговорен и доследен во однесувањето;
- Да ги почитува законските одредби и одлуките во училиштето;
- Навреме да доаѓа на секој наставен час;
- За секое отсуство да приложи писмено оправдување;
- Да допридонесува за позитивна работна атмосфера со активно ангажирање за време на часот.



**Ученикот не смее :**

- Да носи во училиштето опасни предмети кои можат да го загрозат својот и животот на останатите ученици и вработените во училиштето;
- Да користи или носи вклучен мобилен телефон за време на часот.

**Ученикот е должен :**

- Да ги почитува своите соученици;
- Во коуникацијата со другите да покажува почит и толеранција;
- Да ги почитува сите вработени во училиштето, родителите и другите посетители;
- Да има одговорен однос спрема средствата, инвентарот и другите материјални добра;
- Навремено и објективно да ги информира родителите за својата работа и однесување во училиштето и надвор од него;
- Да ги почитува правилата содржани во куќниот ред на училиштето.



**Правилникот за наградување и педагошки мерки за учениците предвидува :**

Пофалби и награди се доделуваат на ученик, група ученици, ученичка секција, паралелка во текот и на крајот на учебната година за континуиран одличен успех и за постигања на натревари и конкурси.

Педагошки мерки се применуваат во случаи на нередовно посетување на наставата, непочитување на куќниот ред, нарушување на правилата на однесување спрема другите ученици, наставници и возрасни лица, за неправилен однос кон училишниот имот, како и за попречување на воспитно образовната работа во паралелката и училиштето.

**Педагошки мерки се :**

- Укор (неодобрување на постапката);
- Усна опомена;
- Писмена опомена;
- Намалување на поведението;
- Преместување на ученикот во друга паралелка;
- Преместување на ученикот во друго училиште.



**Организација на работата во училиштето**

Во однос на просторните услови, опрема и нагледни средства, состојбата е солидна.

Во состав на училиштето во Миравци работат и три подрачни училишта во Милетково, Давидово и Смоквица.

**Ученици**

Од прво до петто одделение во Миравци има 78 ученици, во ПУ Давидово-13, во Милетково-6 и во Смоквица 4 ученици.

Од шесто до деветто одделение во Миравци има 71 ученици. Вкупно, само централното училиште има 149 ученика а заедно со подрачните училишта има 172 ученика.

**Наставен кадар**

Од прво до петто одделение, во централното училиште наставата ја реализираат 5 наставници, а во трите подрачни училишта по еден наставник. Вкупно има 8 одделенски наставници.

Од шесто до деветто одделение наставата ја реализираат вкупно 14 предметни наставници. Вкупно во ООУ има ангажирано 22 наставник.

**Информативната дејност во училиштето се остварува преку:**

- овој информатор;
- училишен еко-блог;
- училишен facebook профил;
- училишен е-маил;
- општинскиот електронски и печатен информатор;
- огласна табла во ООУ;
- писмени известувања.

